Врз основа на член 22, став 1 , точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 7 точка 3 од Законот за култура пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и член 14, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл. гласник на Општина Крива Паланка бр. 8/10, 8/14, 2/18), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 03.12.2021година ја донесе

**ПРОГРАМАТА**

**За активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2022 година**

## I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување на активен однос на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата и уметноста;
- Сочувување и афирмирање на духовното културно наследство на Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион,
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион
- Создавање услови за развој, афирмација и популаризација на културата и метноста;
- Воведување нови форми и содржини на културно творење и изразување;
- Мотивирање за активно учество на локалните културни установи, организации и поединци во реализирање на Програмата.

## II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Реализирање на манифестации, настани, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Крива Паланка;

-Поддршка на локалните културни установи, организации и поединци во реализирање на Програмата;

- Гостување на еминентни уметници од Република Северна Македонија и странство во Општина Крива Паланка;

- Унапредување на меѓународна културна соработка со збратимени градови на Општина Крива Паланка врз реципрочна основа

-Остварување на продуктивна соработка со домашни и меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници;

## 1. Концерти, манифестации и др. настани

| Р.Б рој | 1. Празници, манифестации настани | Носител | Партнери / Коорганизатори | Планирани активности | Средства Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ЈАНУАРИ** | | | | |
| 1 | ***БАДНИК***<br>***5-ти Јануари***<br>Одбележување на празникот Бадник со берење на бадниково дрво; палење на коледарски оган; избор на кум и народна веселба<br>**Место:** Градски плоштад | Општина Крива Паланка | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 30.000 |
| 2 | **ВОДИЦИ**<br>***19 Јануари***<br>Организирање на настан-осветување на водите во Крива Паланка и фрлање на крст.<br>**Место:** Градски плоштад / Крива Река | Општина Крива Паланка | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | -Подароци за лицата кои ќе го фатат крстот<br>-Обезбедување на чај и топла ракија | 30.000 |
| | **МАРТ** | | | | |
| 3 | **ПОКЛОНЕНИЕ НА СВ. ТЕОДОР ТИРОН - ТОДОРИЦА**<br>***2-ри Март***<br>Организација на манифестација Свечено поклонение на Св. Теодор Тирон со учество на снаи свекрви, група за изворен фолклор и свечена трпеза;<br>**Место:** црква Св. Теодор Тирон, с. Конопница | Општина Крива Паланка | МЗ Конопница<br>МПЦ-ОА КАН<br>Здружение РЗСР Патник Кр. Паланка<br>НУ Центар за култура | - дизајн и печат. на промотивни материјали;<br>- логистика и организација;<br>- продукти и материјали;<br>- ангажирани лица;<br>- ученици<br>- музичка придружба | 60.000 |
| 4 | **КОНКУРС ЗА КАРИКАТУРА**<br>***1-15 Март***<br>Коoганизација на Меѓународен конкурс за карикатура од Манифестацијата „Невестинско Поклонение“<br>**Место:** општина Кр. Паланка | Здружение РЗСР Патник Кр. Паланка | Општина Крива Паланка | - организација и логистика;<br>- хонорари<br>- наградаи<br>- материјали;<br>- промотивен материјал; | 40.000 |
| | **АПРИЛ** | | | | |
| 5 | **ДЕН НА ШЕГАТА**<br>***1-ви Април***<br>Кривопаланечки маскенбал со учество на деца и ученици; пречек и и свечено претставување на маските и избор на најдобри маски<br>**Место**: плоштад Карпошово востание | Општина Крива Паланка и НУ Центар за култура | ЈОУД „Детелинка“<br>ООУ ЈОаким Крчовски<br>ООУ Илинден | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 60.000 |
| 6 | **ВЕЛИГДЕНСКА ТРАДИЦИЈА**<br>***25-ti Април***<br>Хепенинг за избор на најдобро украсено велигденско јајце, декорација; дегустација на храна и пригодна музичка програма<br>**Место**: плато пред ЛУ Градски Музеј | ЛУ Градски Музеј | Општина Кр. Паланка<br>НУ Центар за култура | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 30.000 |
| | **МАЈ** | | | | |
| 7 | **ДЕН НА ЕВРОПА – ДЕН НА ПОБЕДАТА** | Општина | СОУ Ѓорче Петров | - организација и логистика; | 30.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***9-ти Мај***<br>Хепенинг со учество на деца и ученици; свечено претставување на штандови и креативни изработки и/или изложбени активности<br>**Место:** Градски плоштад или галериски простор | Крива Паланка | ООУ Јоаким Крчовски<br>ООУ Илинден<br>ЈУДГ Детелинка<br>НУ Центар за култура<br>ЛУ Градски музеј | - продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | |
| 8 | ***СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – ДЕН НА ПРОСВЕТАТА И КУЛТУРАТА***<br>***24-ти Мај***<br>Свечена академија по повод празникот со свечена програма и доделување на награди за најдобар просветен работник и најдобар ученик<br>**Место:** НУ Центар за култура | Општина<br>Крива Паланка | СОУ Ѓорче Петров<br>ООУ Јоаким Крчовски<br>ООУ Илинден<br>ЈУДГ Детелинка<br>ОУД Боро Менков | - логистика и организација;<br>- учесници;<br>- промотивен материјал | 60.000 |
| | **ЈУНИ** | | | | |
| 9 | **„РАСПЕАНО СИМИТЧЕ" ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛ**<br>***15 -30 ти Мај***<br>Организација на <u>6-то</u> издание на Музички фестивал за младите кривопаланчанчиња за промоција на нови таленти и негување на музичките вредости<br>**Место:** НУ Центар за култура | Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности - Кр. Паланка | Општина Кр. Паланка<br>НУ Центар за култура | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- материјали и продукти;<br>- учесници;<br>-промотивен материјал | 360.000 |
| | **ЈУЛИ** | | | | |
| 10 | ***Трилатерална Погранична средба КРАИШТЕ 2018***<br>***12 јули***<br>Културно – забавна средба со народна веселба (собор) на македонско – српската граница во организација на општините Крива Паланка (РСМ), Ќустендил (Р.Б) и Босилеград (Р. С).<br>**Место:** с. Голеш | Општина<br>Крива Паланка | НУ Центар за култура | - логистика и организација;<br>- учесници;<br>-промотивен материјал | 40.000 |
| 11 | ***КРИВОПАЛАНЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО***<br>***20 јули - 20 август***<br>Летна културна манифестација со кулрурни содржнини од музичко - сценски, драмски, поетски и ликовен карактер пр:<br>ЧИТАМЕ МУЗИКА<br>ОСОГОВСКА СТАРОГРАДРАДСКА ВЕЧЕР<br>ПАЛАНЕЧКА ТРОЈКА<br>УМЕТНОСТ И МУЗИКА<br>**Место:** разл. локации | Општина<br>Крива Паланка | НУ Центар за култура<br>ЛУ Градски Музеј<br>Други здруженија и организации | -музичко - сценски настани;<br>драмски претстави<br>-поетски читања<br>- ликовни настани;<br>-фолклорни изведби | 430.000 |
| | **АВГУСТ** | | | | |
| 12 | **„ЏОЈ ФЕСТ" МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ**<br>***23-25 Август***<br>Организација на <u>9-то</u> издание на реномираниот музички фестивал „ЏОЈ ФЕСТ"<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | Здружение Музички фестивал ЏОЈ ФЕСТ Кр. Паланка | ОО ЏОЈ ФЕСТ | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- учесници;<br>- промотивен материјал | 600.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 13 | ***ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФОЛКОРЕН ФЕСТИВАЛ „Св. Јоаким Осоговски„***<br>***25,26,27 Август***<br>Организација на 17-то издание на Интернационалниот Фолклорен Фестивал со учество на гости од Бугарија, Србија, БИХ, Турција, Словачка , Полска и др.<br>**Место:** Градски плоштад | НУ Центар за култура Крива Паланка | КУЗ Карпош<br>КУЗ Фолклористи<br>КУД 8-ми Октомври | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- учесници;<br>-промотивен материјал | 300.000 |
| | **СЕПТЕМВРИ** | | | | |
| 14 | ***МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „Св.Јоаким Осоговски„***<br>***5-15 Септември***<br>Организација на 36-то издание на реномираната Меѓународна Ликовна Колонија Св. Јоаким Осоговски<br>**Место:** Манастир Св. Јоаким Осоговски | Здружение МЛК Св. Јоаким Осоговски Кр. Паланка | Општина Кр. Паланка<br>МПЦ-ОА Кумановско Осоговска Епархија | - логистика и организација;<br>-промотивен материјал | 50.000 |
| | **ОКТОМВРИ** | | | | |
| 15 | ***МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „Св. Јоаким Осоговски“***<br>***6-14 Октомври***<br>Организација на 14-то издание на Меѓунар. Театарски Фестивал со учество на театри од земјата и странство<br>**Место:** НУ Центар за култура | Општина Кр. Паланка и Здружение МТФ Св. Јоаким Осоговски Кр. Паланка | НУ Центар за култура | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- учесници;<br>-кетеринг<br>- транспорт<br>-промотивен материјал | 600.000 |
| 16 | ***КРИВА ПАЛАНКА – КИНО ФЕСТ***<br>***15-30 Октомври***<br>Организација на 1-то издание на фестивал за игран, документарен и арт филмови<br>**Место:** НУ Центар за култура | НУ Центар за култура | Општина Кр. Паланка | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- учесници;<br>-кетеринг<br>- транспорт<br>-промотивен материјал | 60.000 |
| | **НОЕМВРИ** | | | | |
| 17 | **НАИВА / КРЕАТИВА**<br>***1-5 Ноември***<br>Организација на настан од наивната / аматерската уметност: изложба, перформанс, дизајн, ревија, инсталација и сл.<br>**Место:** НУ Центар за култура или др. локација | НУ Центар за култура | Општина Кр. Паланка | логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- учесници;<br>-кетеринг<br>- транспорт<br>- промотивен материјал | 30.000 |
| 18 | **ЕСЕНСКИ МУЗИЧКИ ВИБРАЦИИ**<br>***5-10 Ноември***<br>Организација на концерти од класичната, џез и соул музиката како и др. типови на стилизирана некомерцијална музика<br>**Место:** НУ Центар за култура или др. локација | Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности - Кр. Паланка | Општина Кр. Паланка<br>НУ Центар за култура | - логистика и организација;<br>- авторски права;<br>- материјали и продукти;<br>- учесници;<br>-промотивен материјал | 80.000 |
| | **ДЕКЕМВРИ** | | | | |
| 19 | ***НОВОГОДИШНИ ПРАЗНУВАЊА /ФЕСТИВАЛ/***<br>***25-31 Декември*** | Општина | НУ Центар за култура | - логистика и организација;<br>- авторски права; | 100.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Предновогодишни празнувања / фестивал/ со културни настани, концерти и изложби; конкурс и избор на Избор на новогодишно украсена куќа, тераса и излог во Крива Паланка; дневен новогодишен настан и вечерен концерт<br>**Место**: Плоштад Карпошово востание и други разл. локации | Крива Паланка | ЛУ Градски Музеј | - материјали и продукти;<br>- учесници;<br>-промотивен материјал | |
| | **ВКУПНО** | | | | **2.990 000** |

## 2. Одбележување на празници, годишнини, настани и личности

| Р.Б рој | 2. Одбележување на годишнини, настани и личности | Носител | Партнери / Коорганизатори | Планирани активности | Средства Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ЈАНУАРИ** | | | | |
| 1. | **БОЖИЌ**<br>***7-ми Јануари***<br>Свечена Божиќна Литургија<br>**Место:** црква Св. Димитриј | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | Општина<br>Крива Паланка | Присуство на градоначалник и претседател на Совет на општина и Советници | 0 |
| | **АПРИЛ** | | | | |
| 2. | **ДЕН НА РОМИТЕ**<br>***7-ми април***<br>Одбележување<br>На меѓународен ден на ромите со прием од страна на градоначалникот и свечен коктел<br>**Место**: Плоштад Карпошово востание и други разл. локации | Општина<br>Крива Паланка | Здружение на Ромите | - продукти и материјали; | 30.000 |
| | **ЈУНИ** | | | | |
| 3 | **ЈОАКИМ КРЧОВСКИ – јубилеј 200 и 250 години**<br>Свечена програма и научна конференција<br>**Место:** ООУ Јоаким Крчовски, Општина Кр. Паланка и Црква Св. Димитриј | Општина<br>Крива Паланка | МПЦ-ОА<br>Кумановско Осоговска Епархија<br>ЛУ Градски Музеј | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 60.000 |
| | **АВГУСТ** | | | | |
| 4 | **2-ри АВГУСТ - ИЛИНДЕН**<br>***2-ри Август***<br>Свечено одбележување на денот и полагање на свежи цвеќе<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | Општина<br>Крива Паланка | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции и установи | организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 20.000 |
| 5 | ***СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ***<br>***29-ти Август***<br>Прослава на општинскиот празник Св. Јоаким Осоговски - заштитникот на градот Кр. Паланка<br>**Место:** / | Општина<br>Крива Паланка | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | - логистика и организацијаза прием и пречек на гости и делегации од земјата и странство | 30.000 |
| | **СЕПТЕМВРИ** | | | | |
| 6 | **8-МИ СЕПТЕМВРИ – ден на осамостојувањето**<br>***8-ми Септември***<br>Свечено одбележување на | Совет на Општина<br>Крива Паланка | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали; | 20.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | денот на осамостојувањето и полагање на свежи цвеќе<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | | Локални институции и установи | - промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | |
| | **ОКТОМВРИ** | | | | |
| 7 | **8-МИ ОКТОМВРИ - празник на градот**<br>***8-ми Октомври***<br>Организација на празникот на градот со Свечена седница на Советот на општина Крива Паланка, полагање на свежо цвеќе и доделување на осмооктомвриски награди<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | Општина<br>Крива Паланка<br>градоначалник | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции и установи | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 60.000 |
| 8 | **11-ТИ ОКТОМВРИ –**<br>**Ден на востанието**<br>***11-ти Октомври***<br>Свечено одбележување на 11-ти Октомври - Ден на востанието на РМ со полагање на цвеќе пре споменикот од НОБ<br>**Место:** плоштад Карпошово востание, споменик од НОБ | Совет на Општина<br>Крива Паланка | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции и установи | - организација и логистика;<br>- продукти и материјали;<br>- промотивен материјал;<br>- водител;<br>- учесници | 20.000 |
| | **ВКУПНО** | | | | **240.000** |

## 3. <u>Други културни активности</u>

| Р.Б рој | **3. Други активности** | **Носител** | **Партнери / Коорганизатори** | **Планирани активности** | **Средства Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ** | | | | |
| 1 | **Набавка на опрема**<br>Набавка на монтажна алуминиумска бина и рампа за осветлување<br>**Место:** Крива Паланка | Општина<br>Крива Паланка | | Јавна набавка | 1.000.000 |
| 2 | **Снимање на аудио запис (студио) и видео запис (спот)**<br>Снимање на аудио запис (песна) на музика и текст од кривопала - нечки автор(и) со познат поп пејач/ка и снимање на видео запис<br>**Место:** Скопје | Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности - Кр. Паланка | Општина Кр. Паланка | Трaнфер | 300.000 |
| | **ВКУПНО** | | | | **1 300.000** |

Вкупни трошоци

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **СЕ ВКУПНО (1,2,3)** | | | | **4.530 000** |

III.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка предвидени за 2022 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорстава и донации.

При реализација на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги подржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од :

-Министерство за култура на Република Северна Македонија;

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

-Други извори.

| | | |
|---|---|---|
| | **Општина Крива Паланка** | **3.800 000** |
| | **Министерство за култура** | **500.000** |
| | **Сопствени приходи** | **10.000** |
| | **Др. извори и донации** | **220.000** |
| | **ВКУПНО** | **4.230 000** |

IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Содржините предвидени со оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.

По потреба програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

V. МАНИФЕСТАЦИИ ПОДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

**ДЕН НА ОПШТИНАТА**

За 8-ми Октомври, Денот на Општина Крива Паланка се подготвува специјална програма проследена со содржини од областа на спортот, културата, свечена седница на Советот на Општина Крива Паланка и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободувањето на градот.

VI.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми и активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

- обезбедување стручна, техничка и друга подршка со кадар и опрема со која располага општината;
- обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделени манифестации;
- обезбедување на дополнителни финансиски средства и ресурси за настани и манифестации од посебен карактер;

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Крива Паланка и во рамките на тековните годишни програми на општината.

VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.07-3711/55**<br>**03.12.2021 год.**<br>**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**<br>**Претседател,**<br>**Изабела Павловска**